Врз основа на член 7 став (1) од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 ноември 2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/908 на Советот од 4 јуни 2021 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија

### Член 1
Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/908 на Советот од 4 јуни 2021 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија.

### Член 2
Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје;
- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија

### Член 3
Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање и Министерството за финансии - Царинската управа за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4
Одлуката (ЗНБП) 2021/908 на Советот од 4 јуни 2021 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

### Член 5
Рестриктивните мерки против Белорусија се воведуваат на неопределено време.

### Член 6
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-10793/1
2 ноември 2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев

**ОДЛУКА (ЗНБП) 2021/908 НА СОВЕТОТ**

**од 4 јуни 2021 година**

**за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 15 октомври 2012 година, Советот ја донесе Одлуката 2012/642/ЗНБП ([1]) за рестриктивни мерки против Белорусија.

(2) На 24 и 25 мај 2021 година, Европскиот совет донесе заклучоци со кои остро се осудува принудното слетување на летот на Рајанер во Минск, Белорусија, на 23 мај 2021 година, при што се загрози безбедноста на воздухопловството, како и притворот од страна на белоруските власти на новинарот Раман Пратасевич (RamanPratasevich) и Софија Сапега (SofiaSapega). Го повика Советот да ги преземе неопходните мерки за да им се забрани прелетувањето во воздушниот простор на Унијата на белоруските авиопревозници и да се спречи пристапот до аеродромите на Унијата за летови од тие авиопревозници.

(3) Со оглед на сериозноста на тој инцидент, Советот утврди дека од земјите членки треба да се бара да одбијат дозвола за слетување, полетување или прелетување на кој било воздухоплов со кој управуваат белоруски авиокомпании, вклучително и како трговски превозник.

(4) За спроведување на таа мерка, потребни се дополнителни активности на Унијата.

(5) Затоа, Одлуката 2012/642/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Во Одлуката 2012/642/ЗНБП се вметнува следниов член:

„*Член 2а*

1. Земјите членки треба да одбијат дозвола за слетување, полетување или прелетување на нивните територии на кој било воздухоплов со кој управуваат белоруски авиокомпании, вклучително и како трговски превозник, во согласност со нивните национални правила и закони и во согласност со меѓународното право, особено соодветните меѓународни договори за цивилно воздухопловство.

2. Ставот 1 не се применува при принудно слетување или принудно прелетување.

3. Ставот 1 не се применува ако засегнатата земја членка или земји членки

---

[1]Одлука 2012/642/ЗНБП на Советот од 15 октомври 2012 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија (Сл. весник L 285, 17.10.2012 година, стр. 1).

претходно утврдиле дека слетувањето, полетувањето или прелетувањето се неопходни за хуманитарна или каква било друга цел во согласност со целите на оваа одлука. Во таков случај, засегнатата земја членка или земји членки ги информираат другите земји членки и Комисијата за тоа.“

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 4 јуни 2021 година.

*За Советот*

*Претседател*

А. П. ЗАКАРИЈАС

# DECISIONS

## COUNCIL DECISION (CFSP) 2021/908

### of 4 June 2021

### amending Decision 2012/642/CFSP concerning restrictive measures in view of the situation in Belarus

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 15 October 2012, the Council adopted Decision 2012/642/CFSP [1] concerning restrictive measures against Belarus.

(2) On 24 and 25 May 2021, the European Council adopted conclusions in which it strongly condemned the forced landing of a Ryanair flight in Minsk, Belarus, on 23 May 2021 endangering aviation safety, and the detention by Belarusian authorities of journalist Raman Pratasevich and Sofia Sapega. It called on the Council to adopt the necessary measures to ban overflight of Union airspace by Belarusian airlines and prevent access to Union airports of flights operated by such airlines.

(3) In view of the gravity of that incident, the Council has determined that Member States should be required to deny permission to land in, take off from or overfly their territories to any aircraft operated by Belarusian air carriers, including as a marketing carrier.

(4) Further action by the Union is needed in order to implement that measure.

(5) Decision 2012/642/CFSP should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The following Article is inserted in Decision 2012/642/CFSP:

'*Article 2a*

1. Member States shall deny permission to land in, take off from or overfly their territories to any aircraft operated by Belarusian air carriers, including as a marketing carrier, in accordance with their national rules and laws and consistent with international law, in particular relevant international civil aviation agreements.

2. Paragraph 1 shall not apply in the case of an emergency landing or an emergency overflight.

3. Paragraph 1 shall not apply in the event that the Member State or Member States concerned determine that a landing, take-off or overflight is required for humanitarian purposes or any other purpose consistent with the objectives of this Decision. In such event, the Member State or Member States concerned shall inform the other Member States and the Commission.'.

---

[1] Council Decision 2012/642/CFSP of 15 October 2012 concerning restrictive measures in view of the situation in Belarus (OJ L 285, 17.10.2012, p. 1).

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 4 June 2021.

*For the Council*

*The President*

A. P. ZACARIAS